Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 21 став ( точка 1 од Статутот на Националната установа – Универзитетска Библиотека „Гоце Делчев“ - Штип бр. 01-152/1 од 24.06.2015 год., а во врска со членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/18) и членовите 1 и 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/18), Управниот одбор на Националната установа – Универзитетска Библиотека „Гоце Делчев“ - Штип на седницата одржана на ден 31.01.2018 година донесе:

02-1712
31.01.18 год.
Штип

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Статутот на Националната Установа - Универзитетска Библиотека „Гоце Делчев“ - Штип бр. 02-152/1 од 24.06.2015 година

**Член 1**

Во Статутот на Националната Установа - Универзитетска Библиотека „Гоце Делчев“ - Штип бр. 01-152/1 од 24.06.2015 година во членот 12 ставот (3) се брише.

**Член 2**

Во членот 14 став (1) по точката 3) се додава нова точка 4), која гласи:

„4) да има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело.“

Точката 4) станува точка 5).

Точката 5), која станува точка 6) се брише.

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„ (2) Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на Законот за именување и дополнување на Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/18) до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

(3) На директорот кој нема да го исполни условот за познавање странски јазик во рокот утврден во став (2) на овој член му престанува мандатот.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од министерот за култура, а ќе се објави на огласната табла на НУ – УБ „Гоце Делчев“ - Штип.

**Образложение**

Собранието на Република Македонија донесе Закони за изменување и дополнување на Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/2018).

Имајќи ги предвид донесените Закони, се наметна потребата за усогласување на Статутот на установата, и тоа во делот на општите услови утврдени со Законот за културата, кои треба да ги исполни лицето за да може да биде избрано за директор на

установата како и во делот што се однесува на менаџерските договори и полагањето на психолошкиот тест и тестот за интегритет.

Имајќи го во предвид напред наведеното, Управниот одбор на НУ – УБ „Гоце Делчев“ – Штип одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател на Управен одбор**
**Сашко Неделков**